Каменимост Комуникации АД
Орце Николов бб 1000 Скопје – тел: +389 2 3242 051 – факс: +389 2 3220 515

До: **Македонски Телеком АД – Скопје**
Кеј 13-ти Ноември бр.6, 1000 Скопје

Г-дин Горан Торбаков
Претседавач на Собранието

Копија до:
- Г-дин Оливер Костуранов, Претседател на Одборот на директори
- Г-дин Андреас Маиерхофер, Главен извршен директор
- Г-ѓа Славица Серафимовска, Секретаријат на Одборот на директори

Предмет: **Доставување на податоци и документи во врска со Предлогот за кандидат(-и) за нов(-и) член(-ови) на Одборот на директори на Македонски Телеком**

Почитуван г-дин Торбаков,

Како дополнување на Предлогот за кандидат(-и) за нов(-и) член(-ови) на Одборот на директори (ОД) на Македонски Телеком, којшто Ви беше доставен на 20 февруари 2014 година, Ви ги доставувам податоците за кандидатите кои се предлага да бидат избрани за нови членови на ОД од страна на Собранието на МКТ на Годишното Собрание коешто е свикано за 27 март 2014 година, поради оставките на г-дин Јанош Сабо и г-дин Михај Немет од позицијата Неизвршни членови на ОД на МКТ и предложеното отповикување на г-дин Тамаш Вагани од позицијата Независен неизвршен член на ОД на МКТ, сите со датум на важност почнувајќи од 1 април 2014 година, како што следува:

1. Г-дин Атила Кесег да биде избран за нов Неизвршен член на ОД на МКТ, со мандат од 4 години почнувајќи од 1 април 2014 година,
2. Г-дин Михаел Франк да биде избран за нов Неизвршен член на ОД на МКТ, со мандат од 4 години почнувајќи од 1 април 2014 година,
3. Г-дин Франк Полц да биде избран за нов Независен неизвршен член на ОД на МКТ, со мандат од 4 години почнувајќи од 1 април 2014 година.

Кратките биографии со податоците за предложените кандидати за членови на ОД се дадени во прилог, со цел да бидат ставени на располагање на акционерите на Друштвото најдоцна 7 дена пред одржувањето на седницата на Собранието, во согласност со Законот за трговски друштва.

Со почит,

Анамарија Мезеј
(потпис нечитлив)
Овластен претставник на Каменимост Комуникации АД Скопје

| Македонски Телеком | | | |
|---|---|---|---|
| АД за електронски комуникации - Скопје | | | |
| Примено | 19.03.2014 година | | |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03- | 69210/1 | | |

Преведено од Лингва Експерт